СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-932 /2
07.02.2022 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на Шесттата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес 07.02.2023 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам Шесттата Вонредна седница.

На седницата присуствуваат сите 19 советници. Отсутни нема.
Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полновжно да одлучува по денешниот Дневен ред.
Согласно член 40 став 4 од Законот за Локална самоуправа пред започнување на седницата задолжително се гласа за оправданоста на причините за свикување на вонредната седница.
Дозволете ми како Претседател на Советот на Општина Кавадарци и граѓани на Општина Кавадарци, во мое лично име и од име на граѓаните на Општина Кавадарци са изразам длабоко сочувство до семејствата на загинатите, а воедно да посакаме побрзо закрепнување на повредените во катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сириската Република. Ве повикувам со едноминутно молчење да им оддадиме почит на загинатите. Слава му. Во вакви моменти сите треба да се потсетиме дека не можиме против природите катастрофи и со трагичен епилог, но можеме со хуманост и солидарност да ги ублажиме последиците. Токму хуманоста и солидарноста како човечки особини, кои граѓаните на Општина Кавадарци несебично во вакви ситуации ги изразувале без да се бира народ или време е тоа што е причина за свикувањето на оваа вонредна седница, односно обезбедување на финансиски средства како помош за настраданото население во Република Турција и Сириската Република. Врз основа на ова ве повикувам да гласаме за оправданоста на причините за свикување на Шесттата Вонредна Седница. Кој е за. Едногласно усвоена.
Со тоа одиме на денешниот предлог дневен ред за работа на закажаната седница за денес. Тоа е прва точка

1. Предлог - Одлука за обезбедување на финансиски средства од буџетот на Општина Кавадарци 2023 година за помош на

Вонредна Седница закажана за денес заедно со вас, со службите од финансискиот сектор во Општина Кавадарци се договоривме за финансиска помош од 600 000 денари да бидат уплатени на трансакциона сметка, која претходно во комуникација на Градоначалникот со Амбасадата на Република Турција во Скопје ја добивме, да бидат уплатени значи 600 000 денари како помош финансиска од Општина Кавадарци на трансакциона сметка, добиена од Амбасадата на Република Турција во Скопје и 300 000 денари да бидат уплатени од Општина Кавадарци на Црвен Крст во Скопје, а потоа тие средства да бидат наменети за Република Сирија. Дали има некој свое видување, свое гледиште од вака договореното и пред кординација што ја имавме пред почетокот на Шесттата Вонредна Седница. Нема. Бидејќи нема предлогот за финансиска помош на Општина Кавадарци за настраданите во земјотресот во Република Турција и Сириската Република го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Со тоа сакам да му дадам збор и на Градоначалникот г-динот Митко Јанчев пред да ја затвориме Шесттата Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Благодарам Претседателе. Почитувани советници, почитувани сограѓани на Општина Кавадарци. Како што и Претседателот на самиот почеток кажа на оваа вонредна седница денеска по немилиот катастрофален природен настан кој што се случи во Централна Република Турција и Сирија и со големиот број на жртви којшто надминува над 5000 укажува на една загриженост кај сите, а поготово кај нас како нација Македонци и луѓе кои што пред се и со Република Турција и со турскиот народ имаме добра соработка и братски односи, исто така и со сирискиот народ. Одлуката која што ја донесивте денеска, значи една исплата на 600 000 денари за Република Турција за погодените градови и за потребите на настраданите и 300 000 денари за Република Сирија ќе биде спроведена уште од утрешниот ден со официјализирањето на самите официјални банкарски и трансакциони сметки во делот на уплатата на финансиските средства. Јас сакам да потенцирам и да кажам дека Општина Кавадарци како хумана општина и хуман народ да повикам тука денеска, еве заедно со претставникот на Црвен Крст г-дин Диме Каракулев да од утре се координираме и ќе ги известиме граѓаните поготово овој бизнис секторот за

поставување на пункт, пункт каде што ќе можат сите граѓани наши и Бизнис Сектор да донесат основни работи кои што се неопходни за граѓаните кои што се соочуваат во делот на пост земјотресот во делот на Турција и Сирија. За таа работа за да не носиме се и сешто ние имаме добиено од Турската Амбасада листа на производи кои што се неопходни и потребни за тамошните жители. Листата ќе биде објавена и листата вака начелно се состои од основни работи, палтиња, чизми, капи, џемпери, блузи, средства за хигиена и други работи кои што официјално ќе ги објавиме и преку Црвен Крст и преку општинските сајтови и нормално преку нашата регионална телевизија КТВ и другите медиуми во Општина Кавадарци и портали и сакам да потенцирам за крај и да кажам дека во соработка со г-динот Ајдован Адемовски, почесен конзул на Република Турција во Република Македонија во Битола од утре среда и четвртток ќе бидат испратени 10 шлепери со вода од Компанијата Кожувчанка, кои што 5 шлепери ќе бидат донација од Фондацијата Никола Јанчев, формирана од Кожувчанка, а 5-те шлепери со вода ќе бидат донација од самиот почесен конзул на Република Турција во Македонија. Така да со ова мислам дека Кавадарци сепак зима големо учество во делот на хуманоста. Ги повикувам уште еднаш сите кои што можат да учествуваат и парично и во делот на алишта и лични средства кои што претходно ги спомнавме, како материјални и финансови и да не посакаме на никому да се случува тоа што го гледаме во медиумите и кое што го гледаме на снимките каде што буквално еден град од поголем размер или поголем број на жители за 2 минути го снемува како град. Сепак е природата таа со која не можеме да се бориме. Можеме да превенираме, но некои работи и не се превенираат. Моето сочувство према сите загинати и во Сирија и во Турција. Пред се Македонија е држава на солидарност, поготово за градот Скопје знаеме по катастрофалниот земјотрес 64-та година, а ги знаеме и други немили настани кои што се случиле во Македонија и имавме повеќе помош од повеќе земји, вклучувајќи ја тука и Турција и други во делот и на пожарите и на други работи кои што се случиле во нашата држава. Така да мислам дека нашата реакција е реакција на граѓаните и преку Советот и преку Градоначалник и функција и Локалната Самоуправа ние само го обелоденуваме лицето на нашите граѓани и оваа помош е од името на граѓаните на Општина Кавадарци. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник.Почитувани советници со тоа е исцрпен Дневниот ред на

денешната Шестта Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци.
Ви благодарам за вниманието и за учеството.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов